**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

---

До:

- **д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 76-в став 1 од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија" бр. 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16 и 142/16) се доставува

Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: 27.10.2016 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 5232 | 1 | |


**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН НАДЗОР (МОНИТОРИНГ)**

1. **Вид надзор**: Надзор над изборното медиумско претставување;

2. **Субјект на надзорот**: Трговско радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА МАКПЕТРОЛ ДООЕЛ Скопје;

3. **Период опфатен со надзорот**: од 12 до 21 октомври 2016 година;

4. **Датум на извршување на надзорот**: 27 октомври 2016 година;

5. **Предмет на надзорот**:

   - **Член 75 став 1 од Изборниот законик** („*Радиодифузерите, односно Јавниот радиодифузен сервис, трговските радиодифузни друштва и електронските медиуми (интернет порталите) што одлучиле да ги покриваат изборите, се должни тоа да го прават на правичен, на избалансиран и на непристрасен начин во својата вкупна програма*").
   - **Член 75-б од Изборниот законик** („*Известувањето за редовните активности на државните органи, органите на општините и на градот Скопје, на државните институции и организации, како и за активностите на правни и на други лица на кои со закон им е доверено вршење јавни овластувања, во програмите на радиодифузерите и на Програмскиот сервис наменет за емитување на активностите на Собранието на Република Македонија, во периодот од денот на распишување на изборите до нивното завршување не смее да биде во функција на изборно медиумско претставување на ниту еден политички субјект*").
   - **Според член 196-в од Изборниот законик, член 75 и член 75-б се применуваат 100 дена пред денот на одржување на предвремените избори за пратеници во Собранието на Република Македонија, кои ќе се одржат во 2016 година.**

6. **Констатации од надзорот:**

**Член 75 став 1 од Изборниот законик**

***<u>Дневно-информативни емисии</u>***

Четвртиот десетдневен период, од 12 до 21 октомври 2016 година, од мониторингот на изборното медиумско претставување, опфати десет изданија на Дневникот на ТВ Телма од 18 часот и 30 минути, со вкупно времетраење на анализираниот примерок од 4 часа 10 минути и 40 секунди. Од нив, 4 часа 8 минути и

54 секунди се прилози со претежно информативни жанрови, а 1 минута и 46 секунди се обработени преку аналитички жанрови.

***Табела 1 - Застапеност на субјектите во претежно информативните жанрови***

| ТВ Телма | Траење | Процент | |
|---|---|---|---|
| Собрание на РМ | 00:10:41 | 4,29 | % |
| СДСМ | 00:10:09 | 4,08 | % |
| ВМРО ДПМНЕ | 00:12:38 | 5,08 | % |
| Демократски сојуз | 00:02:10 | 0,87 | % |
| Други субјекти | 00:26:17 | 10,56 | % |
| Експерти/аналитичари | 00:25:54 | 10,41 | % |
| Граѓански сектор | 00:22:45 | 9,14 | % |
| Судство | 00:10:21 | 4,16 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:12:51 | 5,16 | % |
| Влада на РМ | 00:33:17 | 13,37 | % |
| Без субјекти | 00:16:28 | 6,62 | % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија | 00:21:47 | 8,75 | % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:05:20 | 2,14 | % |
| Локална самоуправа | 00:03:38 | 1,46 | % |
| ДПА - Демократска партија на Албанците | 00:04:38 | 1,86 | % |
| Специјално обвинителство | 00:12:52 | 5,17 | % |
| Министри/заменици од СДСМ | 00:04:08 | 1,66 | % |
| ФРОДЕМ | 00:01:08 | 0,46 | % |
| Коалиција за промени и правда | 00:00:52 | 0,35 | % |
| ОМ - Обединети за Македонија | 00:01:43 | 0,69 | % |
| Јавно обвинителство | 00:00:30 | 0,20 | % |
| Претседател на РМ | 00:01:45 | 0,70 | % |
| ДИК и други органи | 00:02:23 | 0,96 | % |
| Левица | 00:00:32 | 0,21 | % |
| Унитети | 00:00:40 | 0,27 | % |
| НДП - Весел Мемеди | 00:00:40 | 0,27 | % |
| ДПА-ДР | 00:00:40 | 0,27 | % |
| ППД - Политичка партија Достоинство | 00:00:16 | 0,11 | % |
| ВМРО НП - ВМРО Народна партија | 00:00:16 | 0,11 | % |
| Коалиција УНИТЕТИ, ДПА-ДР и НДП - Весел Мемеди | 00:00:19 | 0,13 | % |
| Беса | 00:00:19 | 0,13 | % |
| НДП - Национална демократска преродба | 00:00:19 | 0,13 | % |
| НДП - Фадил Зендели | 00:00:19 | 0,13 | % |
| Опозициски совет | 00:00:19 | 0,13 | % |
| | **Вкупно: 04:08:54** | **100** | **%** |

Во овој извештаен период, најмногу време во Дневникот во 18 часот и 30 минути е одвоено за методолошките категории *„Влада на РМ“* (33 минути и 17 секунди), *„Други субјекти“* (26 минути и 17 секунди)

и *„Експерти/аналитичари“* (25 минути и 54 секунди). Владата е субјект во следниве теми: Студентите од Штуловиот универзитет против идејата за обединување со универзитетот Мајка Тереза, соопштение од Министерството за образование и наука; Буџетот на пленарна седница на Собранието по корекциите од Владата; МИОА со соопштение и реакција по повод изјавата на дополнителниот заменик министер Александар Кирацовски; Наставниците добиваат пониска плата од постигнатиот договор, соопштение од Министерството за образование; Владата планира да се задолжи со 1,7 милијарди евра до 2019 година; Нови средства за санирање на последиците од поплавите во скопско; Трет тендер за квалитативна анализа на Рамковниот договор; Науката на дното, иновации речиси да нема, изјава на Пиштар Љутвиу, министер за образование; Донесен буџетот за 2017 година пред распуштањето на Собранието; Ново задолжување со изјава на Министерот за финансии Кирил Миноски; МВР ги истражува поплаките на јавната администрација во пресрет на изборите, МИОА со соопштение; Владата покачи плати на свои „инвестициски“ функционери, заменичката директорка во Агенцијата за странски инвестиции не дала имотен лист во ДКСК; Истражување на Владата за задоволството на странските инвеститори од бизнис климата во Република Македонија, изјава на вицепремиерот Владимир Пешевски; Распишани се изборите за 11 декември 2016 година, изјава на премиерот Емил Димитриев; Стопирање на државните вработувања, Министерствата и јавните институции со нови барања за вработувања; Реформите на техничката влада, изјави на Емил Димитриев, Митко Чавков, Александар Ѓеоргиев; Реакција на платформата за ХИВ до министерот за здравство Никола Тодоров, со изјава од министерот; Миле Јанакиевски и Елизабета Канческа Милевска ги отфрлуваат обвинувањата на СЈО; СЈО ќе ги добие податоците од УБК до утре, изјава на заменик министерот Оливер Андонов; Три години доцни новиот клинички центар, изјава на министерот за здравство; Канчевска Милевска не се појавила во Кривичниот суд и др.

Во категоријата *„Други субјекти“* се кодирани изјавите и активностите на: (Никола Димитров, поранешен амбасадор; Јован Илиевски; АААВМУ; Штуловиот универзитет; Младен Чадиковски, новинар; НБРМ; Снежана Кузмановска, иницијатор за удвојување на породилното; Мери Димитровска, професор; телохранителот на Зоран Заев; Грчкото биро за туризам; Грчката народна банка; Газменд Ајдини, сопственик на ТАГ КОМУНИКАЦИИ; Таки Фити, академик; Сашка Цветковска, новинар; Регулаторната комисија за енергетика; Народниот правобранител; Сотир Костов; Звонко Давидовиќ; Миле Бошков, конфедерација на работодавачи; Јуксен Јесилова, тренерот на ФК Брегалница; Павле Беловски, новинар и др.

Изјавите на третозастапената категорија во вестите - *„Експерти/аналитичари“* се вклучени во голем број прилози, посебно во оние што ги третираат актуелните теми. Во овој извештаен период се емитувани изјави на: Љубиша Станковиќ, новинар; Никица Мојсовска, универзитетски професор; Марјан Петревски, универзитетски професор; Абдулменаф Беџети, експерт; Осман Кадриу, универзитетски професор; Исмет Рамадани, аналитичар; Митко Гаџовски, аналитичар; Дичо Крстов, универзитетски професор; Валентин Тасевски, инженер за надзор на патишта; Атанас Василев, експерт, агроном; Петар Арсовски, аналитичар; Александар Даштевски, аналитичар; Јован Трпеновски, поранешен претседател на ДКСК – експерт; Бедредин Ибраими, аналитичар; Џевдет Хајредини, поранешен министер за финансии; Кирил Чавдар, поранешен уставен судија; Сашо Ордановски, аналитичар; Драган Малиновски, поранешен антикорупционер; Ристо Никовски, поранешен амбасадор; Алберт Муслиу, аналитичар; Драган Гоцевски, доцент на Правен факултет; Деспина Тумановска, аналитичар; Љубомир Ѓурчевски, поранешен началник; Владимир Лазаревиќ, експерт за јавно здравство и др.

За *„Граѓанскиот сектор“* се одвоени 22 минути и 45 секунди, а во категоријата се опфатени пренесените соопштенија или пак директните обраќања на претставниците од: МЦЕО; Организацијата на студенти на Штуловиот универзитет; Метаморфозис; Синдикатот за текстил; МАН; Хелсиншки комитет; РОМА Ес Со Ес; Центар за управување со промени; ЗИП Институт; Македонската платформа против сиромаштија; Комитет за заштита на правата; Зелена Лупа; Полициски синдикат; Сојузот на борците; Заедно посилни; МОСТ; Синдикатот на новинари; ССМ; Советот за етика и др.

Категоријата Органи на државната управа/јавни претпријатија е застапена со 21 минута и 47 секунди, преку активностите на: ФЗОМ; УЈП; АД Македонија Пат; ЈП Македонски шуми; ДКСК; Државниот завод за ревизија; КПУ Идризово; Службен весник на РМ; Заводот за вработување и др.

Со 16 минути и 28 секунди е присутна методолошката категорија *„без субјекти"* во која се кодираат прилозите кои се потпираат на изјави од граѓани за: продолжување на породилното отсуство, за кредитите и задолжувањето, протестот во Демир Хисар поради раскопаните улици, незадоволството во врска со огревните дрва, денот на сиромаштијата и др.

Од политичките партии најмногу време е одвоено за ВМРО ДПМНЕ (12 минути и 38 секунди) и за СДСМ (10 минути и 9 секунди). Покрај нив како субјекти во вестите се појавуваат уште 16 политички партии (ДС, ДУИ, ДПА, ФРОДЕМ, Коалиција за промени и правда, ОМ, Левица, Унитети, НДП – Весел Мемеди, ДПА-ДР, ППД, ВМРО НП, „Коалиција Унитети, ДПА-ДР и НДП – Весел Мемеди", БЕСА, НДП и Опозициски совет). Тие се присутни преку прес-конференции, изјави, соопштенија или реакции.

Редовно во овие вести се присутни и најави за дневните изданија на актуелно-информативната програма „ТОП ТЕМА", кои не се дел од времето прикажано во Табела 1.

Телевизијата, жанровски главно емитуваше извештаи. На 21 октомври 2016 година, емитуваше редакциски коментар во врска со нападот на нивниот новинар, додека ги извршувал професионалните обврски. Во прилозите од анализираниот период, се регистрира неутрална аргументирана критика, без обиди за фаворизирање или оцрнување на кој било политички субјект. Во повеќето прилози се настојува да се обезбедат различни гледишта и мислења.

***<u>Табела 2 - Директни обраќања на субјектите</u>***

| ТВ Телма | Траење | Процент | |
|---|---|---|---|
| СДСМ | 00:04:13 | 6,08 | % |
| Други субјекти | 00:06:36 | 9,51 | % |
| Граѓански сектор | 00:10:28 | 15,09 | % |
| Собрание на РМ | 00:00:52 | 1,25 | % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија | 00:00:45 | 1,08 | % |
| Експерти/аналитичари | 00:15:40 | 22,59 | % |
| ВМРО ДПМНЕ | 00:05:00 | 7,21 | % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:01:09 | 1,66 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:02:46 | 3,99 | % |
| Локална самоуправа | 00:00:57 | 1,37 | % |
| ДПА - Демократска партија на Албанците | 00:01:18 | 1,87 | % |
| Специјално обвинителство | 00:05:34 | 8,02 | % |
| ФРОДЕМ | 00:00:55 | 1,32 | % |
| Министри/заменици од СДСМ | 00:01:50 | 2,64 | % |
| ОМ - Обединети за Македонија | 00:00:40 | 0,96 | % |
| Влада на РМ | 00:06:19 | 9,11 | % |
| ДИК и други органи | 00:00:53 | 1,27 | % |
| Левица | 00:00:50 | 1,20 | % |
| ДПА-ДР | 00:00:41 | 0,99 | % |
| Унитети | 00:00:55 | 1,32 | % |
| Судство | 00:01:01 | 1,47 | % |
| | **Вкупно: 01:09:22** | **100** | **%** |

Временски најмногу директни обраќања им се дадени на субјектите кодирани како *„експерти/аналитичари“*, *„граѓански сектор“*, *„други субјекти“* и *„Влада на РМ“*.

***<u>Посебни информативни емисии</u>***

*<u>Други информативни програми</u>*

Во извештајниот период се емитувани осум премиерни изданија (од кои седум како дебати и едно како интервју) и неколку репризни изданија на актуелно-информативната програма „ТОП ТЕМА“.

На 12 октомври 2016 година, со почеток во 19 часот и 13 минути, емитувано е премиерно издание на дебатната емисија „ТОП ТЕМА“ со водителот Александар Чомовски. Гости беа: Талат Џафери, пратеник од ДУИ, Петре Шилегов, пратеник од СДСМ и Беким Фазлиу, пратеник од ДПА. Се дебатираше за: распуштањето на Собранието и надминувањето на политичката криза во Република Македонија. Во најавата на емисијата беше кажано дека бил поканет и Илија Димовски од ВМРО ДПМНЕ, но тој не одговорил на поканата. Репризното издание беше на преодот помеѓу 12 и 13 октомври 2016 година.

На 13 октомври 2016 година, со почеток во 18 часот и 58 минути, се емитуваше премиерно издание на дебатната емисија „ТОП ТЕМА“ со водителката Оливера Трајковска. Гости беа: Никола Димитров, поранешен амбасадор; Јадранка Костова, новинар и Џелал Незири, директор на истражувачката мрежа СКУП. Разговараа за тоа: Како Советот на Европа го избра Јован Илиевски за судија во Европскиот суд за човекови права?; Дали европското десничарско братство е посилно од принципите и вредностите на европските институции?; Како ВМРО ДПМНЕ од блокирана сметка за 10 години стана фирма со имот вреден 60 милиони евра?; Дали милионските договори за лобирање отвараат врати за фотошоп на компромитираниот десничарски бренд? Репризното издание беше на преодот помеѓу 13 и 14 октомври 2016 година.

На 14 октомври 2016 година, со почеток во 19 часот и 16 минути, премиерното издание на дебатната емисија „ТОП ТЕМА“ е емитувано во два дела. Првиот дел е со водителот Боби Христов, а гости беа Малинка Ристевска Јорданова, Институт за европска политика и Александар Кржаловски, извршен директор на МЦМС. Темата беше: Што им порача еврокомесарот Хан на невладините и на партиите? Вториот дел од емисијата беше снимка од дебата реализирана во Брисел со водителите Борјан Јовановски и Ивана Драгичевиќ, и гостите: Иво Вајгел од Словенија; Георги Пирински од Бугарија; Зоран Мечев од Социетас Цивилис Скопје. Темата беше: Трансформација на Западен Балкан и отворањето на Европа за прием на нови членки. Репризното издание беше на преодот помеѓу 14 и 15 октомври 2016 година.

Во премиерното издание на дебатната емисија „ТОП ТЕМА“ со водителот Александар Чомовски, емитувано на 17 октомври 2016 година, со почеток во 19 часот и 18 минути, гости беа стопанствениците Мендерес Кучи и Маријана Перковска и професорот Нинко Костовски. Тема на која се разговараше беше: Буџетот за 2017 година, дали буџетот е алатка за корупција на гласачите или е развоен? Репризното издание беше на 18 октомври 2016 година.

На 18 октомври 2016 година, со почеток во 19 часот и 24 минути, се емитуваше премиерно издание на дебатната емисија „ТОП ТЕМА“ со водителот Боби Христов. Гости беа: Министерката за култура Елизабета Канчевска Милевска, членот на управниот одбор на ЗАМП Глигор Копров, членот на управниот одбор на СОКОМ МАП Сони Петровски, Иван Мирчевски од Македонската медиумска асоцијација и Александар Ристевски Принц, претседател на здружението Шпато. Теми на кои се дебатираше беа: Зошто ЗАМП ја запре македонската и музиката од регионот?; Кој што штити и чии права?; Колку пари се слеваат во касата на ЗАМП, а колку завршуваат кај авторите?; Се злоупотребува ли монополската позиција и зошто страв од конкуренција во заштитата на авторските права? Репризното издание беше на 19 октомври 2016 година.

На 19 октомври 2016 година, со почеток во 19 часот и 16 минути, емитувано е премиерно издание на дебатната емисија „ТОП ТЕМА" со водителот Александар Чомовски. Гости беа: Имер Исмаили, универзитетски професор, Дане Талески, универзитетски предавач и Глигор Стоименов, колумнист-ФРОДЕМ. Тема на која се дебатираше беше: Прегрупирањето на политичките субјекти во очи на изборите и можноста за нови коалиции. Репризното издание беше 20 октомври 2016 година.

Во премиерното издание на дебатната емисија „ТОП ТЕМА" со водителката Оливера Трајковска, емитувано на 20 октомври 2016 година, со почеток во 19 часот и 16 минути, гости беа: Саше Димовски, новинар; Александар Тортевски, адвокат и советник на СЈО и Драган Малиновски, поранешен антикорупционер. Темата беше: Најновиот развој на настаните поврзани со Специјалното јавно обвинителство. Репризното издание беше на 21 октомври 2016 година.

На 21 октомври 2016 година, со почеток во 19 часот и 12 минути, во премиерното издание на „ТОП ТЕМА" со водителот Боби Христов е реализирано интервју со специјалната јавна обвинителка Катица Јанева. На најавната шпица од емисијата, темите се претставени преку следниве прашања: „Специјалното обвинителство – од синоним за борбата за правда во институциите до мета за политички отстрел"; „Какви се опструкциите од наследниците на Мијалков во МВР и во УБК?"; „Кој се плаши од успехот на нејзиниот тим?"; „Колку прислушувањето стана систем на владеење и кој е на чело на ова злосторничко здружение?; „Дали и без заштитени сведоци СЈО има докази за масовниот криминал?"

***Сектор за програмски работи***